**РЕЗИМЕ:**

Финансискиот резултат на денот на билансирањето 31.12.2016 е позитивен тоа значи дека приходите на денот на билансирањето од реализација на услугите ,стоките, и материјалите се поголеми од расходите што настанале во текот на извештајниот период.

**ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА**
**(заклучно со 31/12/2016)**

| **Корисници** | **Фактурирано** | **Наплатено** | **Процент на наплата** |
|---|---|---|---|
| Правни лица | 7.358.318 | 6.050.540 | 82% |
| Физички лица | 29.037.247 | 23.067.949 | 79% |
| Градски пазар | 1.465.880 | 1.391.036 | 94% |

20.03.2017 год.
Делчево

ЈПКД Брегалница-Делчево
ВД Директор
Марија Сумранка

| | | | |
|---|---|---|---|
| 44 | Приходи од извршени услуги | 1.700 | ////////// |
| 45 | Приходи од рачен ископ на канализационен ров | 3.675 | ////////// |
| 46 | Приходи од рачен ископ на водоводен приклучок | 1.200 | ////////// |
| 47 | Приходи од користење на вода | 2.500 | ////////// |
| 48 | Приходи од отпис на обврски | 325.814 | ////////// |
| 49 | Приходи од надомест на штета | 9.620 | ////////// |
| 50 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 60.980 | ////////// |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **42.427.253** | **38.450.892** |

## ТРОШОЦИ

**Вкупните трошоци од работењето изнесуваат: 37.077.616 ден.**

| Конто | Назив на контото | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 839.957 | 1.036.437 |
| 401 | Трошоци за материјали | 272.693 | 173.902 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 3.889.494 | 4.016.783 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 903.604 | 401.731 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 297.637 | 421.512 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 83.600 | 89.701 |
| 412 | Трошоци за надвореШни услуги | 21.000 | 114.766 |
| 413 | Трошоци за одржување | 606.130 | 960.499 |
| 414 | Трошоци за закупнина | 465 | 2.700 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги | 1.852.179 | 1.753.875 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 3.400 | 9.120 |
| 419 | Останати услуги | 2.480.985 | 2.615.428 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 21.995.506 | 22.732.647 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 436.644 | 612.255 |
| 430 | Трошоци за амортизација-гр.дел и опрема | 1.637.302 | 1.697.270 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 583.190 | 860.210 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 102.000 | 34.780 |
| 441 | Помош во случај на смрт-солидарен фонд | 15.800 | ////////// |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 13.332 | 21.331 |
| 443 | Трошоци за спонзорство | 17.000 | 7.555 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 190.544 | 165.914 |
| 446 | Банкарски услуги | 145.750 | 129.394 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 19.493 | 8.199 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 545.424 | 669.767 |
| 451 | Вредносно усогласување на фин.вложувања | //////////// | 17.981 |
| 455 | Отпис на побарувања | 2.671 | ////////// |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност на материјалните средства | ////////// | 10.345 |
| 464 | Кусоци на товар на одговорни лица по попис | ////////// | 1.788 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 55.061 | 299.675 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 38.312 | 58.383 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 28.443 | 86.485 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **37.077.616** | **39.010.433** |

## ПРИХОДИ

**Вкупно остварени приходи од работењето изнесуваат : 42.427.253 ден.**

| Р. бр | Приходи | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење –физички и правни лица | 16.046.170 | 15.888.372 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 4.560.236 | 4.511.078 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 11.045.579 | 10.694.734 |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 235.365 | 288.922 |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 301.660 | 184.880 |
| 6 | Приходи од магацин | 199.528 | 47.150 |
| 7 | Приходи од резервации | 30.400 | 68.800 |
| 8 | Приходи од ковчег со крст | 25.001 | 21.573 |
| 9 | Приходи од канти за отпад | 33.405 | 8.460 |
| 10 | Приходи од водомери | 87.661 | 99.632 |
| 11 | Приходи од радиомодули | 5.181 | 14.961 |
| 12 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 94.500 | 45.000 |
| 13 | Приходи од гробна такса | 643.160 | 631.360 |
| 14 | Приходи од ново гробно место | 615.720 | 349.144 |
| 15 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 10.600 | 27.125 |
| 16 | Приходи од такса од полигон за полагање | 72.817 | 57.901 |
| 17 | Приходи од пазарна такса | 1.279.645 | 829.830 |
| 18 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 108.000 | 181.500 |
| 19 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 275.021 | 85.990 |
| 20 | Приходи од набавка и уградување на сервисирани водомери | 10.620 | 11.643 |
| 21 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1.356.075 | 1.290.860 |
| 22 | Приходи од изработка на капак за водоводни шахти | 6.800 | 2.200 |
| 23 | Чистење на депонија од инертен отпад | 39.000 | 144.000 |
| 24 | Приходи од закупнина | 61.200 | 61.200 |
| 25 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1.763.980 | 1.721.040 |
| 26 | Приходи од реконструкција на детско игралиште по договор | ///////////// | 79.651 |
| 27 | Приходи од плакање на целокупната обврска по долг за погребални трошоци | 6.260 | 545 |
| 28 | Приходи од уништување на текстилна роба | 10.000 | 800 |
| 29 | Приходи по основ на сопствени услуги | 2.472.200 | 568.260 |
| 30 | Приходи од вишоци по попис | 29 | 1.991 |
| 31 | Приходи од минати година | 374.713 | 307.059 |
| 32 | Приходи од реклами,донации, спонзорства | 19.065 | 19.065 |
| 33 | Приходи од наплатени судски трошоци | 6.270 | 6.350 |
| 34 | Вонредни приходи | 148.866 | 81.495 |
| 35 | Останати приходи од работењето | 13.266 | 56.752 |
| 36 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 37 | Приходи од разликим по попис-кусоци | ///////////// | 1.788 |
| 38 | Приходи по основ на камати по видување | 244 | 275 |
| 39 | Приходи од рачен ископ на земја | 5.350 | 2.000 |
| 40 | Приходи од старо отпадно железо | //////////// | 16.830 |
| 41 | Приходи од утовар и транспорт на земја | 7.800 | ///////// |
| 42 | Приходи од градежни работи | 8.200 | ///////// |
| 43 | Приходи од ископ на земја и транспорт на мат.до депонија | 1.500 | ///////// |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2016 ГОД

### 1.ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Мегународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10, и 107/11 кои се применуваат во Р.Македонија согласно законот за трговските друштва(Службен весник на РМ бр.28/04,84/05,25/07,87/08,48/10,24/11).

Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар. Бројот на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2016 год изнесува 89.

### 2.ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните

1)**Нематеријалните средства** евидентирани во годичната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување .Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства(книговодствен софтвер) е засновано на нивниот корисен век .Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.

2)**Материјалните средства** (Недвижностите,постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизацијата е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки

А)Згради(високо ниска градба)................2.5%
Б)Моторни возила....................................25%
В)Компјутери............................................25%
Г)Мебел и опрема.....................................10-25%

3)**Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.

4)**Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања

5)**Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува Приходите се прикажани по фактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност.

### ФИНАНСОВ РЕЗУЛТАТ

ЈПКД Брегалница во своето работење во 2016 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од **4.832.080 ден.**

-Странично одстранување на сувите гранки на пешачката патека која почнува од Далија табак село Звегор и прскање на самата стаза со средство против плевел и нивно уништување;

-Чистење на просторот околу и помеѓу зградите Делчевчанка и Брод и позади гаражите на паркинг пред Делчевчанки;

-Кастрење, одстранување на суви гранки и собирање песок од краевите на улиците и покрај триаголниците на улиците Македонска, Пере Тошев и Велко Влаховиќ;

-Кроење на трендафили, грмушки и зимзелени украсни дрвца на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито;

-Окопување на жадинериите на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито и на дрвца во градки парк АСНОМ и на кејот на река Брегалница;

-Одстранување на диво изникнатата трева покрај двете коловозни ленти и разделниот простор и на Бул.Македонија од бензинска пумпа до Шумско стопанство па се до с.Звегор;

-Шишање на тревата и нејзино собирање во училишниот двор во с.Тработивиште, во дворот на црквата во с.Разловци, кај црква во с.Селник, кај црква во с.Звегор, на планината Голак по повод Голачки фолклорни средби и на грдаски стадион во Делчево, дворот на гранична полиција и дворот на ЕВН кај трафостаницата;

-Во месец Декември се врши украсување на градот со новогодишни украси;

-Секојдневно чистење на градските гробишта од смет, хартија, отпадоци, пластика и косење на тревата на гробиштата;

-Метење и чистење од отпадоци секој вторник на полигонот за полагање на практичниот дел од возачкиот испит како и метење и собирање на отпадоци од градскиот пазар секоја сабота;

-Засадување на сезонско цвеќе и декоративни садници на следниве места: засадени се 16 броја Туја во боксови пред стоковна Пела на ул Маршал Тито;

-Засадено е сезонско цвеќе хризантеми, украсен кељ и украсни коприви на триаголници кај семафори пред Стопанска банка, жардинери на ул. М.М.Брицо и боксови пред Пела на ул. М.Тито.

На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесочување на истата со околу 120м3 песок и шлунак;

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено саанирање на самиот пат Делчево-Острец кој е повеќепати оштетуван од поројните дождови од причини што не е асфалтиран и кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 40м1.

Во склоп на оваа работна единица со помош на механизацијата со која располагаме во текот на извештајната 2016 година се извршија голем број на поправки, санации и тампонирање со песок и шлунак на голем број селски патишта кои беа оштетени од поројни дождови и поплави како и санација и чистење на селските канали за одводнување и пропусти кои беа оштетени од дождовите.

## СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО,ГРАДСКИ ГРОБИШТА И ПАЗАР

- Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период покрај секојдневните и тековни работни активности кои спаѓаат во делокругот на оваа работна единица и тоа: секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини како и одржување на јавните зелени површини (паркови, кејови, жардинерии, скверови) ги има извршено следните позначајни активности:

-Чистење на коритото на река Габровчица и река Брегалница од растителен отпад, талог и смет;

-Чистење на патот за Голак почнувајќи од Пустевски ендек па се до Манастирски комплекс Света Богородица-Балаклија;

-Чистење на просторот (приватниниви) позади Градски Пазар и гостилниците Бисер и Сузи;

-Кастрење, утовар и изнесувања на гранки и лисја со трактор од Тениско игралиште кај стадион, Кеј на Брегалница кај станбени згради, просторот околу кафана Трла и маркет Жито и косина над кафана Трла;

-Чистење на ендеците со кастрење на гранки и нивен утовар и транспорт;

-Рачно одстранување на гранки од врби и полегнати дрвца покрај самиот пат на Булевар Македонија од Шумско стопанство до Македонија пат;

Покрај редовните и тековни активности, во 2016 година се извршени и следните активности:

-Извршена е реконструкција (замена) на старите азбест цементни цевки (АЦЦ) со ПЕ цевки на улиците Велко Влаховиќ во должина од 130м1 И на Питу Гули во должнина од 170м1;

-Изградена е нова водоводна линија на улица Светозар Марковиќ во должина од 360м1;

-Изведена е нова приклучна линија во должнина од 60 метри во дворот на ООУ Ванчо Прке за приклучување на деловните објекти на улица Н.Ј.Вапцаров;

-Извршена е изградба на нова атмосферска канализација со сите придружни објекти на улица Светозар Марковиќ во вкупна должина од 700 метри.

-Извршена е изградба на нова фекална канализација ф 300 со придружни објекти на улица Светозар Марковиќ во вкупна должина од 350 метри.

-Извршена е изградба на нова фекална канализација ф 200 со придружни објекти на улица Светозар Марковиќ во вкупна должина од 70 метри.

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор, Град и Тработивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Во извештајниот период (во 2016 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 6.800 тони или 566 тони месечно;

Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 168 тони или по 14 тони индустриски отпад месечно;

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Граничниот премин, од Баткова чешма, од планината Голак на спортските терени а особено за време на Голачките Фолклорни средби кај бината каде се одржува настанот;

Во есенските месеци Октомври,Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со два камиони и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен;

Извршено е чистење и санирање на пет-шест мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби;

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:
-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2016 година изнесува 88 вработени во редовен работен однос и 1 работник ангажиран преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2016 гогина**

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2016 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 576.200 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 517.200 м3 или 89% а до правни лица дистрибуирани се 59.000 м3 или 11%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2016 година ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 44 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф225=2, ф110=14, ф90=16, ф63=12;
- Извршени се вкупно 80 интервенции на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева;
- Одговорено е на повици од граѓани и правни лица и отклонети се вкупно 168 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на вкупно 165 неисправни водомери;
- Извршени се 40 нови приклучувања на нови потрошувачи;

Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 30 канализациони шахти.

Извршени се вкупно 48 интервенции на отпишување на запишени канализациии на главни лини.

Одговорено е на вкупно 40 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

ЈПКД"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-105/1
20.03. 2017 год.
ДЕЛЧЕВО

Архив. знак 0102
Рок на чување трајно
20.03.2017 год.

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2016 година

### -Основни податоци

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

### -Дејност

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта;
-одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.
-одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.
-крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

### -Организациона поставеност

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.СЕКТОР-Општи, правни и финансиски работи;
2.СЕКТОР-Водовод и канализација;
3.СЕКТОР-Комунална хигиена и механизација;
4.СЕКТОР-Паркови и зеленило,градски гробишта и пазар.